ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за реализирани активности по програмата на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации во 2023 година

Во текот на 2023 година Општина Крива Паланка продолжи со својата политика за понатамошна соработка со граѓанските организации (ГО), продлабочување и унапредување на истата, а во насока на креирање активен граѓански сектор, како сериозен партнер на општината, во креирањето на локалните политики, кој директно придонесува за понатамошен развој и подобрување на квалитетот на живеење на локалната заедница, како и втемелување на социјална правда и еднакви можности за сите граѓани од заедницата.

Одделението за локален економски развој и евроинтеграции во текот на 2023 година во целсот ги реализираше активностите во областа на граѓанските организации, согласно усвоената Програма за активностите на Општина Крива Паланка за поддршка на граѓанските здруженија и фондации за 2023 година.

Општина Крива Паланка продолжи во континуитет да ги имплентира започнатите активностите со граѓанските организации, согласно RELOAD2 проектот, финасиски поддржан од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), а чија имплементација ќе продолжи и во 2024 година.

Со усвојувањето и примената на ЛОД методологија, креирана во рамки на овој проект и нејзина поширока примена во процесот на соработка и објавување на повици од средства од општинскиот буџет, општината даде сериозен придонес во процесот на подобрување на капацитетот на локалните граѓански организации, што може да се види и од квалитетот на процесот на имплементација на проектите, начинот на известување, административната уредност и уредност во процесот на наменско трошење на парите, согласно предвидениот буџет и склучениот договор, како и уредно финансиско известување и подготовка на извештаите. Подобрувањето на капацитетот на локалните граѓански организации може да се смета за исполнување на индикаторите за успех на самата програма за соработка и подобрување на капацитетите на граѓанскиот сектор. Забележано е и зголемен интерес на самите организации во самиот процес на креирање политики и донесување на одлуки од значење на локалната заедница, помасовно и попроактивно учество на буџетските и проектните форуми што ги организира општината и бројот на нивни предлози за мерки и активности за подобрување на квалитетот на живот на локалната заедница. Со имплементација на проектот со финансиска поддршка од УНДП значително се подобрени и капацитетите на администрацијата, што може да се види и во сите чекори во процесот на подготовка, објавување на Јавниот повик за финансиска поддршка на активности на локалните граѓански организации, кој беше објавен на 22.11.2022г. , начинот на преговори и кларификација на поднесениот буџет, процесот на подготовка и потпишување на договори за грант, како и понатамошен мониторинг и евалуација на резултатите и на поднесените наративни и финансиски извештаи од страна на организациите добитници на грантови. Сведоци бевме на се подобри апликации во

процес на планирање, подогвотка, креирање на индикатори и планирање на резулати, но и на самиот процес на имплементација и административна уредност во истиот.
По основ на јавниот повик, заседаваше комисија, формирана од општински административни службеници и независни експерти од УНДП со решение од градоначалникот и врз база на извршената евалуација беше одобрен еден проект, со кој беше отпишан договор за грант. Сите останати податоци и детали околу повикот се објавени на општнската веб страница: https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2023/03/Scoring-table_Kriva-Palanka_IInd-public-call.pdf

Добитникот на грантот Извиднички одред НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ - Крива Паланка успешно го имплементираше проектот „БОРЕНКА младинска акција за активизам и волонтеризам“, за кој општината, согласно птописаниот договор со УНДП кофинансираше 25% од вкупниот износ, односно 124,163,оо денари од општинскиот буџет. Остатоткот на средствата се трансфер од УНДП. Проектот успешно е затворен, по извршен финален мониторинг од страна на експертска комисија од УНДП реализиран, спроведени се сите процедури за контрола, мониторинг и евалуација од страна на Комисијата и донаторот УНДП и изготвен е финален извештај.
Поради фактот што имаше остаток од финансиски средства по основ на првиот повик, на 13 септември 2023г. се објави повторен повик за поддршка на граѓанските организации, на кој се пријавија 5 апликанти, од кои по спроведена постапка и евалуација се одобрени 3 апликации со следниот вкупен износ:

| **Бр.** | **Назив на граѓанската организација** | **Назив на проектот** | **Предложена вредност мкд** |
|---|---|---|---|
| 1. | Здружение за спасување и помош - Служба за спасување - СПАСИТЕЛ - Крива Паланка | Младите во дигиталниот свет | 603,910.00 |
| 2. | Здружение Регионален центар за соработка - СПЕКТАР - Крива Паланка | Не кулирај - Волонтирај и креирај! | **436,100.00** |
| 3. | Здружение Регионален центар за соработка - СПЕКТАР - Крива Паланка | Едукативно - креативен колаж за подобро ментално здравје | **444,600.00** |

Од овој износ, општината согласно потпишаниот договор за РЕЛОАД со УНДП ќе кофинансира 25%, а активностите ќе се реализираат во следната 2024 година.

Независно од овој повик, општината согласно Програмата на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации во 2023 година, како и прифатените обврски согласно договорот со УНДП, општината самостојно објави посебен Јавен повик за финансирање на активности на граѓански организации, со средства од општинскиот буџет, што се објави на 10. 03. 2023 г. На истиот беа одберени 5 проектни апликации за потпишување на договор за грант

| **Бр** | **Назив на граѓанската организација** | **Назив на проектот** | **Вкупен буџет во мкд** |
|---|---|---|---|
| 1. | ЗГ „Агропланчанка'' | ОДГЛЕДУВАЊЕТО НА ПЕЧУРКИ КАКО ВНОСЕН БИЗНИС | **98.798,оо** |
| 2. | Еколошко Акцијашко Здруженије „ ОСОГОВСКИ АКЦИЈАШИ“- Крива Паланка | ЗА ПОЧИСТА И ПОУБАВА ДУРАЧКА РЕКА | **80.000.00** |
| 3. | Центар за младински иницијативи-ЦИК ЦАК | УБАВИНИТЕ НА ОСОГОВСКИТЕ ПЛАНИНИ | **133.000,оо** |
| 4. | ЗГ Служба за спасување-СПАСИТЕЛ-Крива Паланка | БЕЗБЕДНО ОПСТОЈУВАЊЕ ВО ДИГИТАЛНИОТ СВЕТ | **85.000,оо** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 5. | Здружение Извиднички одред НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ - Крива Паланка | МЛАДИНСКИ ИНКЛУЗИВЕН ЦЕНТАР | **88.000,оо** |

Договор за грант и имплементација на проекти беше потпишан со сите 5 (пет) граѓански организаци, со вкупно 486.000,00 денари, кои беа обезбедни од Буџетот на општината. Проектите се успешно имплементирани, уредно се поднесени наративен и финансиски извештај од страна на сите, кои се евалуирани од страна на комисијата и констатирани како уредни и исправни. Исто така констатирано е напредок во развојот на капацитетите на организациите, постигање на предвидените резултати и индикаторите за успех.

Вкупно по однос на двата повика општината обезбеди средства 124.163,00 за кофинансирање преку повикот програмата Релоад и 486.000,00 за сопствениот повик, односно вкупно 610.163,00 денари од сопствениот буџет.

За реализација на целите на Програмата, Општина Крива Паланка преку лицето задолжено за соработка со граѓанскиот сектор постојано беше на раполагање со целукокупниот технички и човечки ресурс со коа располага и дополнително даваше стручна, техничка и друг вид на помош на барање граѓанскиот сектор за теми од заеднички ијавен интерес, се со цел на креирање проактивен граѓански сектор, кој ќе придонесува кон развој на локалната заедница и современото општество.

Одделение за локален економски развој
и евроинтеграции
Р а к о в о д и т е л ,